# ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

**Член 1**

Со оваа Одлука се определуваат јавните паркиралишта и другите јавни површини на подрачјето на град Крива Паланка (во понатамошниот текст: површини за зонско паркирање) на кои ќе се применува системот на зонско паркирање како и начинот, условите на паркирање, времетраењето на паркирање, негово ограничување, начинот на наплатата како и начинот на означување на ограничувањето на отворените јавни паркиралишта или зонско паркирање,начинот и постапката за наплата на паркирањето преку СМС пораки и електронско плаќање, постапката за повластено паркирање, постапка за резервација, постапката и начинот на употреба на блокатори на тркалата, паркирањето на земјоделска механизација, како и други прашања кои се однесуваат на паркирањето.

**Член 2**

Површините за зонско паркирање на кои ќе се применува системот на зонско паркирање се класифицираат во три (3) паркинг зони (А, В и С ) со подзони утврдени според интензитетот и фрекфенцијата на сообраќајот на територијата на Општина Крива Паланка, и тоа:

- Зона А1 ги опфаќа паркинг местата пред Општина Крива Паланка, Управа за водење на матичните книги, Јавна установа Дом на Култура, Центар за социјални работи
- Зона А2 ги опфаќа паркинг местата долж улицата Св. Јоаким Осоговски од потегот на клучката на влезот на ул. Илинденска со улицата Св. Јоаким Осоговски (стамбена зграда на улица Св. Јоаким Осоговски бр 163) до ЛУ Градски Музеј Крива Палнка.
- Зона А3 ги опфаќа паркинг местата околу Градски плоштад Крива Паланка
- Зона А4 ги опфаќа паркинг местата на стар градски пазар, од клучката на ул. Св Јоаким Осоговски ул. Илинденска(веднаш после стамбената зграда на ул. Св Јоаким Осоговски 151) до паркинг местата до речното корито на Дурачка река.
- Зона В1 ги опфаќа паркинг местата околу Автобуска станица Крива Паланка и паркинг местата во близина на Осички мост
- Зона В2 ги опфаќа паркинг местата на улица Херој Карпош во близина на Шанин Мост.
- Зона С ги опфаќа паркинг местата на Зелен градски пазар Крива Паланка

**Член 3**

Организатор на паркирањето е јавното препријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејсности Калин Камен Крива Паланка.

**Член 4**

Организаторот на паркирањето на секој паркинг простор (затворен или отворен) е должен да ја означи соодветна зона, да постави вертикална и хоризонтална сигнализација, информативни табли за видот на возилата кои можат да се паркираат, времето на максимално дозволено паркирање, цената на паркирањето, начинот на плаќањето, како и други информации кои се неопходни за информирање на корисниците на услугите на паркирањето.

**Член 5**

Наплатата на паркирањето се врши согласно Правилникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта со кои управува Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка**,** донесен од Управен одбор на ЈП Калин Камен а на кој согласност дава Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 6**

При наплата преку СМС порака, по испраќањето на пораката корисникот веднаш добива повратна порака со информација дали е наплатена паркинг сесијата за возилото со наведената регистарска таблица, како и информација за зоната на паркирање и времетраењето на паркинг картата. Доколку е испратена СМС порака со погрешен формат како и непостоечка зона корисникот ќе добие повратна СМС за истото и во тој случај паркирањето не е регулирано. Цената на СМС пораката е во рамките на цените за пораките на мобилните оператори или пониска, зависно од постигнатиот договор со мобилните оператори. Повратната СМС порака е бесплатна.

**Член 7**

Организаторот на паркирањето има право да одреди резидентни улици на кои може да се паркира исклучиво резидентно население по претходно добиено одобрување од страна на Совет на Општина Крива Паланка.

**Член 8**

Услугата паркирање на јавно паркиралиште се наплаќа на јавните паркиралишта од отворен тип

Јавните паркиралишта од отворен тип се јавните паркиралишта од значење за Општина Крива Паланка кои се наоѓаат на подрачјето во Зона А, Зона В и Зона С.

Наплатата на услугата за користење на јавното паркиралиште од значење за Општина Крива Паланка се наплаќа во работни денови и во сабота.

Наплатата на услугата за користење на јавното паркиралиште од значење за Општина Крива Паланка се наплаќа:

Во летниот период 01.04.до 31.10 наплата од 07:00 до 21:00 часот, сабота од 07.00 до 17.00 часот.

Во зимскиот период 01.11 до 31.03 наплата од 07:00 до 21:00 часот, сабота од 07.00 до 17.00 часот

Во недела и на државни празници користењето на услугата за паркирање е бесплатна за сите корисници на јавните паркиралишта со наплата од отворен тип.

**Член 9**

Издавањето на повластени карти за паркирање за физички и правни лица се врши преку склучување на Договор со надоместок согласно Правилникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта со кои управува Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка, а врз основа на исполнување на условите согласно правилникот за начинот и постапката на утврдување на издавање на повластена паркинг карта за јавните паркиралишта со наплата.

**Член 9-а**

За жителите и деловните субјекти на улица Св. Јоаким Осоговски број 177, 189, 191, 193, 195, 197, 199, 201, 205, 207, 209, 211, 213, 215, 217, 219, 221, 223, 225, 227, 229, 230, 230А, 232, 234, 236, 238, 240, 242, 244, 246, 248, 250, 252, 254, како зона во кои им се дава право на користење по повластена паркинг карта е **Зона В1**.

**Член 9-б**

За жителите и деловните субјекти на улица Илинденска, од број 43 до број 93 како зона во кои им се дава право на користење по повластена паркинг карта е **Зона В1.**

**Член 9-в**

За жителите и деловните субјекти на улица Св. Јоаким Осоговски број 228, 228 А, 228Б, 228В, 230, жителите и деловните субјекти на улица 8-ми Октомври број 2 и број 6, жителите и деловните субјекти на улица Никола Тесла, жителите и деловните субјекти на улица 11 - ти Октомври како зона во кои им се дава право на користење по повластена паркинг карта е **Зона А1**, освен за жителите и деловните субјекти на улица 11 - ти Октомври број 49, 51, 53, 57, 59, 61, 73, 78, каде како зона во кои им се дава право на користење по повластена паркинг карта е **Зона А4.**

Повластената паркинг карта не важи за Зона А1 на паркинг местата пред Општина Крива Паланка.

**Член 9-д**

За жителите и деловните субјекти на улица Илинденска, од број 1 до број 42 како зона во кои им се дава право на користење по повластена паркинг карта е **Зона А4.**

**Член 9-ѓ**

За жителите и деловните субјекти на улица Св. Јоаким Осоговски број  141А, 141Б, 141В, 141Д, 145, 147, 147А, 149,151, 153, 155, 157, 159, 161, 180, 182, 184, 186, 188, 190, 192, 194, 198, 200, 202 како зона во кои им се дава право на користење по повластена паркинг карта е **Зона А4**.

**Член 9-е**

За жителите и деловните субјекти на улица Св. Јоаким Осоговски од број 134 до број 176, жителите и деловните субјекти на улица Борис Трајковски од број 1 до број 35, жителите и деловните субјекти на улица Јане Сандански од број 1 до број 19, жителите и деловните субјекти на улица Прохор Пчински од број 1 до број 14 како зона во кои им се дава право на користење по повластена паркинг карта е  **Зона А3.**

**Член 9-ж**

За жителите и деловните субјекти на улица Св. Јоаким Осоговски од број 69 до број 137 како зона во кои им се дава право на користење по повластена паркинг карта е **Зона С**.

**Член 9-з**

За жителите и деловните субјекти на улица Јане Јакимовски и улица Орце Николов како зона во кои им се дава право на користење по повластена паркинг карта е **Зона С.**

**Член 9-ѕ**

Кракот на улицата Илинденска од Јавно претпријатие Комуналец Крива Паланка до излезот на улицата до Зона А4 се уредува како резидентно паркиралиште и ќе важи за жителите на улица Илинденска број 23, 24, 24А, 25, 26, 26А, 27, 28, 30, 32, 34. За паркирањето на службени возила во резидентните улици се наплаќа исто како повластена паркинг карта во зона на паркирање.

**Член 9-и**

Кракот на улицата Илинденска кој се наоѓа помеѓу Општина Крива Паланка и ООУ Јоаким Крчовски, објект Партизан, се уредува како резидентно паркиралиште и ќе важи за жителите од стамбената зграда на улица Илинденска ББ, стан од 1/1 до 1/9 и од 2/1 до 2/6, жителите на улица Илинденска број 12,14, 16, 16А, 29, 31, 35, 37 и 39 како и за жители на улица Св. Јоаким Осоговски бр. 161, 163, 169, 171. За паркирањето на службени возила во резидентните улици се наплаќа исто како повластена паркинг карта во зона на паркирање.

**Член 9-ј**

Кракот на улицата Илинденска кој започнува од клучката со улицата Св. Јоаким Осоговски бр. 163 (сегашен Пани маркет) па се до почетокот на кракот на ул. Илинденска бр. 12 кој води до паркинг просторот на стамбената зграда се уредува како резидентно паркиралиште и ќе важи за жителите од стамбената зграда на улица Илинденска ББ, стан од 1/1 до 1/9 и од 2/1 до 2/6, улица Илинденска број 12,14, 16, 29, 31, 35, 37 и 39 како и за жители на улица Св Јоаким Осоговски бр. 161, 163, 169, 171. За паркирањето на службени возила во резидентните улици се наплаќа исто како повластена паркинг карта во зона на паркирање.

**Член 9-к**

Паркинг просторот, од кракот на улица Илинденска бр. 12 до влезот на стамбената зграда на ул. Илинденска ББ стан од 1/1 до 1/9 и од 2/1 до 2/6, се уредува како резидентно паркинг место за стамбената зграда на ул. Илинденска ББ стан од 1/1 до 1/9 и од 2/1 до 2/6 и ул. Св Јоаким Осоговски бр. 169, 171. За паркирањето на службени возила во резидентните улици се наплаќа исто како повластена паркинг карта во зона на паркирање.

**Член 9-л**

Стамбениот простор пред влезот на стамбената зграда на ул.Св. Јоаким Осоговски бр. 163 се уредува како резидентна улица за жителите на таа зграда. За паркирањето на службени возила во резидентните улици се наплаќа исто како повластена паркинг карта во зона на паркирање.

**Член 9-љ**

Стамбениот простор на кракот на ул. Илинденска бр. 64 и 66 спроти МВР – ПС Крива Паланка се уредува како резидентна улица и ќе важи за жители на ул. Илинденска од број 56 до број 66. За паркирањето на службени возила во резидентните улици се наплаќа исто како повластена паркинг карта во зона на паркирање.

**Член 9-м**

Стамбениот простор на улица Св. Јоаким Осоговски бр. 204 се уредува како резидентна улица за жителите на таа зграда. За паркирањето на службени возила во резидентните улици се наплаќа исто како повластена паркинг карта во зона на паркирање.

**Член 9-н**

Улицата 11 – ти Октомври од клучката со ул. Св. Јоаким Осоговски кај мостот и улицата Никола Тесла од клучката со ул. Св. Јоаким Осоговски кај мостот се уредува како резидентна улица за жителите на овие улици.

**Член 9-њ**

Улицата Херој Карпош, на потегот од Шанин мост до Градечки мост се уредува како резидентна улица за жителите на улица Херој Карпош од број 1 до број 62. За улицата Херој Карпош како зона во кои им се дава право на користење по повластена паркинг карта е Зона В2.

**Член 9-о**

Улицата Ратко Минев, се уредува како резидентна улица за жителите на оваа улица. За улицата Ратко Минев како зона во кои им се дава право на користење по повластена паркинг карта е Зона В2.

**Член 10**

Цената на паркинг картата во зоните и резидентните улици е утврдена според Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта со кои управува Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка.

**Член 11**

Корисникот на јавно паркиралиште со наплата е должен во рок од 10 мунути од моментот на запирање на возилото да извади паркинг карта и ова време од 10 минути се змета за време на толеранција во кое не може да му се постави блокатор или да се премести возилото со специјално возило Пајак.

Со регулирање на паркирањето се смета дека корисникот и организаторот на паркирањето склулиле договор за користење на јавното паркиралиште со наплата, врз основа дека ги прифатиле општите услови за паркирање, пропишани од организаторот на паркирањето.

Паркинг картата е исправа со која корисникот на јавното паркиралиште со наплата докажува дека ја платил утврдената цена за користење на јавното паркиралиште во конкретната паркинг зона или резидентна улица и истото ќе го користи во рамките на дозволеното време за паркирање на јавното паркиралиште од значење на Општина Крива Паланка.

**Член 12**

Овој правилник стапува на сила од денот на неговото усвојување од страна на Управниот одбор на Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка и Совет на Општина Крива Паланка и негово објавување во службен гласник на Општина Крива Паланка.

Претседател на УО

Димитар Петровски

_________________________